Прирачник за наставата по изборниот предмет

# ЕТИКА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

*д-р Кирил Темков*



БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Прирачник за наставата по изборниот предмет

# ЕТИКА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

*д-р Кирил Темков*



БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Издавач:**
Биро за развој на образованието

**За издавачот:**
Весна Хорватовиќ, *директор*

**Редакција:**
Иванка Мијиќ, *одговорен уредник*
Ајше Ајрулаи, *член*
Мирјанче Милошевска, *член*

**Рецензенти:**
Илија Лешковски
Митко Чешларов

**Лектура:**
Сузана Стојковска

**Дизајн и корица:**
Светлана Стојчева

**Печати:**
Киро Дандаро

**Тираж:**
400

**Скопје, 2010 година**

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека Св. „Климент Охридски“, Скопје

373.3.091.3:17(035)

ТЕМКОВ, Кирил
Прирачник за настава по изборниот предмет Етика во VI одделение
/Кирил Темков, - Скопје : Биро за развој на образованието, 2010, - 25 стр. ; 21 см

ISBN 978-608-206-025-5

а) Етика - Основно образование - Наставни методи - Прирачници

COBIS.MK-ID 84447498

## ВОВЕДНИ ОБЈАСНУВАЊА

Едукацијата по етика стана една од најактуелните современи образовни задачи и содржини во целиот свет. Тоа настапи заедно со ренесансата на улогата на моралот во животот и со подемот на етиката во нашата епоха, кога етиката доживеа рехабилитација во духовна и во социјална смисла.

Изворите и причините за ова се тешките последици од човековото небрежно однесување. Загрозена е природата, меѓу луѓето владеат конфликти, постојат големи опасности за егзистенцијата на живите суштества и на човечкиот род, на луѓето им се закануваат тешки болести и подложени се на разни форми на зависности. Во сите сфери на човечката егзистенција има проблеми кои произлегуваат од лошото и неодговорно човеково однесување - во економијата и работењето, во социјалните релации и во политичката сфера, во семејните односи и во комуникациите меѓу половите, народите, генерациите. Реален одговор за ова беше нужноста за возобновување на етичкото мислење и однесување на луѓето, на одговорноста и на вештината за правилен избор меѓу доброто и злото. На сите полиња денес се бара позитивно и одговорно поведение и се воведуваат нагласени и нови етички норми, кои ќе ги одбранат и класичните и современите цели на човештвото во насока кон подобро однесување на секоја личност, заштита на природата, унапредување на човечката средина, заштитување и унапредување на човековот здравје, кон подобрување на сите видови човековото дејствување во сите сфери - социјалната, семејната, економската, политичката и др.

Заедно со тоа, дојдено е до нови антрополошки и психолошки сознанија за структурата на личноста и за нејзиниот развој од хетерономно кон автономно суштество. Смислата на денешното развиено човештво е човекот самиот да ги донесува своите етички вредности и морални норми. За тоа се најважни сознанијата на Жан Пијаже и на Лоренс Колберг, кои ја испитаа суштината на етичкиот развој на личноста од најмладите години до зрелоста и дојдоа до значајното откритие на степените на моралниот развој. Напоредно со тоа образложена е потребата од нова педагошка област, наречена етичко образование. Етичкото образование го дополнува и надградува стандардното морално воспитание, кое претставува запознавање на младата личност со општествените норми и тенденции и нивно прифаќање и приспособување кон нив. Етичкото образование е пошироко замислено: тоа суштествено е насочено кон едукација на автономна личност, способна да се соочи со проблемите на живеењето и со сите сериозни проблеми на човештвото, која има знаење за суштината на етиката и е оспособена етички да ги решава проблемите во клучните ситуации, и на својот живот, и на своето општество, и на сето човештво. Етички образованата личност има способност да обликува, избира, следи и брани соодветни аксиолошки ставови, а од вредностите да создава сообразни ефектни морални норми на однесувањето. Тоа е потребно за снаоѓање на личноста во сложените процеси на современиот свет и на демократијата, како и во очекуваните тешкотии на идното живеење на човештвото, а ќе овозможи решавање на проблемите (како што се еколошката криза, воените закани, социјалните конфликти, здравствените и климатските тревоги) со пронаоѓање на добри одговори, со јавно изнесување на нормативните предлози, со поврзување на луѓето во нивното прифаќање и сложно извршување.

Методиката на наставата по етика е приспособена на новите едукативни содржини и на личноста на младите денес. Во неа основен метод се дијалогот и интерактивната настава - заедно со трите основни етичко-едукативни методи: етички пример и поука; изложување прашање за одлучување; давање етичка оценка. Притоа се користат разни форми и техники за истражување, изложување и евалвација со цел, пред сî, да се активира младата личност и нејзината свест за прифаќање и застапување на етиката, за свое лично напредување и за развој на своите заедници (се-

мејство, лични врски, локална заедница, народ и држава...). Во наставните содржини во секоја тематска област и наставна единица по етика е можна актуелизација на проблемите, со оглед на конкретноста, широчината и актуелноста на етичката проблематика.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Д-р Кирил Темков: Зошто и како да се учи етика во нашето образование, во книгата Етика, Скопје, Епоха, 1998, стр. 152-170.

2. Д-р Кирил Темков: Етиката денес, Скопје, Епоха, 1998.

3. Д-р Јован Лозановски: Етиката и младите. Идеите и практиката на етичкото образование во средните училишта во Република Македонија, Скопје, Китано, 2006.

4. Д-р Јован Лозановски: Формите на работа, методите и средствата на наставата по етика во средните училишта, докторска дисертација, Скопје, Филозофски факултет, 2001.

5. Илинка Торбовска-Смилевска: Етиката како наставен предмет во основните училишта, магистерски труд, Скопје, Филозофски факултет, 2002.

6. Љубица Топузоска: Етичкото образование во одделенската настава, магистерски труд, Скопје, Филозофски факултет, 2005.

7. Љубица Топузоска: Видови и методи на етичкото образование во одделенската настава, докторска дисертација, Скопје, Филозофски факултет, 2006.

8. Кирил Темков: Етика на културата, Дом на културата, Кавадарци, 2009.

9. Етиката во современата наука, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2007.

10 Драгор Заревски: Филозофија и етика на современото образование, докторска дисертација, Скопје, Филозофски факултет, 2005.

## НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ ВО ЕТИКАТА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

Во Наставната програма по етика за VI одделение има 3 тематски подрачја, со кои се опфатени значајните прашања за етичка едукација во основното училиште:

1. ЕТИКАТА И МОРАЛОТ
2. УНИВЕРЗАЛНИ ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ
3. ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ

Овие три наставни подрачја ги покриваат основните етички прашања со кои треба да бидат запознаени најмладите: суштината на етиката и моралот, сеопштата поврзаност на етиката и смислата на вредностите и најзначајните класични и современи вредности, како и прашањата на правилното морално однесување на младите во основните области на живеењето.

Во првата наставна тема ЕТИКАТА И МОРАЛОТ се разработуваaат основните прашања за смислата на етиката и моралот и за нивното значење во животот на човекот:

1. Што е етиката
2. Морал
3. Значењето на моралот
4. Свети Климент Охридски

Целта е учениците да се поттикнат на етички начин на размислување и да го разберат подемот на етиката во современата епоха. На учениците им се објаснуваат основните поими етика, морал, добро и зло, Правилно и неправилно, етичко правило и норма, избор во етиката, етичко образование. Се запознаваат со значењето на моралното определување и на моралното однесување во нивните животи, со смислата на позитивното и негативното определување и однесување, со суштината на правиот пат во животот. Се упатуваат во улогата на личноста во моралот и во организацијата на своето живеење.

Тие се запознаваат со етичката дикција и терминологија и ги усвојуваат етичките поими: етично, мо-

рално, разум, совест, вредност, избирање, норма, како и со значајните етички вредности: мера - умереност, внимание, грижа, ненасилство, разбирање, толеранција, дијалог, грижа, добро однесување.

Покрај тоа, се запознаваат со најзначајни етички мислители кои ги создавале етичките сознанија и го унапредувале човечкиот морал (Аристотел - создавач на поимот „етика"; Мајка Тереза - најпозната личност на современиот морал). Моралните сознанија ги актуелизираме со претставувањето на идеите на водачот на македонското народноослободително движење Гоце Делчев. Посебно се претставува и изучува етичкиот придонес на нашиот прв и најзначаен етичар свети Климент Охридски, кој оставил бележити морални поуки, како Тргај се од злото и прави добро, кои се основа за нашето морално дејствување.

Во втората наставна тема УНИВЕРЗАЛНИ ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ се обработуваaат основните етички вредности од целиот свет, во минатото и денес:

1. Етиката во целиот свет
2. Чесност
3. Вистина
4. Праведност
5. Патриотизам
5. Универзална етика
7. Денешната етика на здравјето, на екологијата, на информатиката

Се истакнува идејата за обврзноста на позитивните морални вредности и новата идеја за воспоставување единствен морален систем во целиот свет.

Од базичните етички вредности посебно се обработуваат чесноста, вистината и вистинољубивоста, праведноста и патриотизмот, заедно со придружните вредности правилност, одговорност, законитост. Се укажува на нужноста за прифаќање на основните морални вредности и за нивно следење во животот. Моралната поука се поврзува со примери од културата и од секојдневието. Учениците се обучуваат да се согласуваат со овие етички вредности и да се придржуваат кон нив.

Како посебна тематика се обработува новата етичка појава на создавањето на универзалната етика на човештвото, како сложен етички систем од најдобри етички вредности од сите народи, етичари и епохи, чии основни вредности се: мир, толеранција, солидарност, соработка.

Најсовремените етички вредности се претставуваат во три важни денешни сфери на животот - здравјето, екологијата и информатиката. Етичките движења и вредности во овие области спаѓаат меѓу најзначајните во современата епоха. Така етиката се претставува во нејзината актуелност и постојан творечки подем.

Во третата наставна тема ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ се обработува проблематиката на правилното однесување во сите сфери и на етикецијата и на бонтонот како научено и коректно однесување на изградена личност:

1. Добро однесување
2. Однесување во семејството
3. Однесување на училиште
4. Однесување меѓу другарите
5. Добро однесување во јавноста
6. Добро однесување кон другите луѓе

Доброто однесување е карактеристика на воспитана и изградена личност, која знае да се однесува разумно и според правилата во секоја средина и ситуација. Тоа е резултат на воспитувањето и обуката, со кои кај личноста се гради сфаќањето на обврските како да се однесува во духот на моралот и таа ги научува прашањата, содржините, нормите, гестите и манирите на позитивното поведение. Со тоа се афирмира почитувањето на граѓанскиот морал кај личноста.

Основните категории на оваа етичка сфера се пристојноста, активно партиципирање во средината и елеганцијата, како естетско-етички вредности. Станува збор за значењето на формата на однесувањето, иако е основна етичката содржина на почитувањето на другиот и самопочитувањето, достоинството, сериозноста и другите слични вредности важни за комуникацијата на личноста со своите најблиски и во средините во кои се движи и дејствува. Всушност, доброто однесувањe е реална етичка пројава на личноста во секојдневието, а бонтонот придонесува за подобро разбирање и релации меѓу луѓето.

Во текот на наставата од оваа област учениците ќе се запознаат со основните норми во доброто однесување и бонтонот, меѓу кои спаѓаат прашањата на внимавањето на хигиената, на облекувањето, на формата и стилот на разговарањето, на извршувањето на секојдневните обврски и на градењето позитивна комуникација со блиските и ближните и сл. Посебно ќе бидат упатени во смислата и нормите на доброто однесување во семејството, во училиштето и меѓу другарите.

Исто така, ќе ги сознаат основните норми на однесувањето во јавноста и на однесувањето кон другите луѓе, особено кон оние кои имаат посебни потреби. Ваквото принципиелно изградено и добро однесување се очекува од секоја воспитана личност и го сочинува комплексот на основните морални барања и задачи во граѓанскиот свет.

Кон секоја од трите наставни теми треба да се даде кус вовед во проблематиката, како духовен и информативен вовед во наставните прашања. За секоја од наставните содржини е предвиден основен текст со објаснувањето на етичката суштина на таа тематика, претставување на некоја значајна етичка форма или тема од таа сфера, кусо изложување на идеите на големите етичари кои придонеле за развој на тој домен на моралот (како упатување во персоналното богатство на етичкиот развој и во моралната актуелност), неколку собразни лексички, проблемски и дидактички скици, методички форми за интерактивно педагошко дејствување и сл., приспособено на возраста на учениците, а актуелизирано во однос на новите светски етички движења. Кон крајот на трите наставни теми приложени се неколку значајни етички текстови, кои ја претставуваат оригиналната етичка мисла, како и избор од прашања за повторување. Сите овие етичко-дидактички материјали даваат шанса за досточно запознавање на младите со соодветната наставна материја, но и можност за творечка имплементација на своите знаења и креативност на наставникот и за развивање на својот прилог кон специјалната методика на етичката едукација.

Методичките упатства и вежби во секоја наставна содржина може да бидат употребени во другите наставни содржини по предметот Етика, бидејќи вредносните принципи се исти во целиот предмет и овозможуваат креативен пристап на наставникот и на учениците кон интерактивното разработување на секоја наставна содржина.

## ЛИТЕРАТУРА


- Д-р Кирил Темков, Етика за II година гимназиско образование, Скопје, Просветно дело, 2004.
- Д-р Кирил Темков, Етика за III година гимназиско образование, Скопје, Просветно дело, 2004.
- Д-р Кирил Темков, Етички речник, Скопје, Просветно дело, 2004.
- Д-р Кирил Темков, Како да се биде добар - Етика за млади, Скопје, ОХО, 2008.
- Бранка Минчева: Универзална етика, Скопје, Макавеј, 2009.
- Бранка Минчева: Етика на мирот, докторска дисертација, Филозофски факултет, Скопје, 2008.
- Светлана Поп-Дучева: Семејството и етичкото образование, магистерски труд, Скопје, Филозофски факултет, 2008.
- Каролина Трпчевска: Спортот и олимпизмот во етичкото образование, магистерски труд, Скопје, Филозофски факултет, 2008.
- Гордана Никчевска: Етичкиот лик на наставникот, магистерски труд, Скопје, Филозофски факултет, 2002.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО ЕТИКА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Предвидено е наставата по етика во VI одделение да се изведува еднаш седмично во текот на целата година, т.е. 36 часа годишно.

Наставната програма по Етика во VI одделение содржи 3 наставни теми, а за секоја од нив е предвидено 12 часови за нејзина изведба (= 36 часа годишно). Бидејќи етиката е интегрален воспитно-образовен предмет, секоја тема и содржина служат за истата цел - воспоставување разбирање за етичката проблематика, создавање основни сознанија за етиката и моралот, запознавање со основните и современите морални вредности и норми и со најдобрите правила за добро однесување. Во таа смисла, ниедна тема и содржина нема приоритет, туку сите се дел од општата етичка едукација и помагаат во младата личност да се гради нејзината автентична етичка свест и добра волја и таа да ги запознае и усвои позитивните морални норми на денешниот свет, да (почне да) се однесува добро, во духот на добриот морал, како и да се оспособи за автономна морална креативност кога ќе стане зрела.

Во Наставната програма по етика во VI одделение во наставните теми се изнесени и предложени 4 и повеќе наставни единици, како основни рамки за обработка на соодветна етичка проблематика. Има доволно простор за повторување, испитување и за други наставни активности.

Наставникот може креативно да насочува и предлага сообразни аспекти на содржината, според интересирањето на учениците и актуелноста на наставната материја.

Наставата се изведува во училницата. Може да се предвиди разместување на клупите за послободно комуницирање, што е една од карактеристиките на наставниот метод по етика.

## ДИДАКТИЧКО-МЕТОДСКИ НАСОКИ ВО НАСТАВАТА ПО ЕТИКА ВО VI ДДЕЛЕНИЕ

Како примери за изведување на наставните часови по етика во VI одделение на основното образование, изложуваме по две разработени наставни содржини за наставни единици од секоја од трите наставните теми.

***Пример бр. 1***
**ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ЕТИКА**

**1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА**

1.1. ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ЕТИКАТА И МОРАЛОТ

1.2. НАСТАВНА ЕДИНИЦА: ШТО Е ЕТИКАТА

1.3. ТИП НА ЧАСОТ: час за презентација за нови наставни содржини

**2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ЧАС:**

– создавање на пријатна атмосфера на часот по етика за да се воспостави позитивен однос меѓу учесниците на наставниот процес (меѓу наставникот и учениците и меѓу учениците меѓусебно) и да се создадат услови за остварување на позитивните цели и ефекти на етичкото образование;

– определување на предметот на етиката.

**3. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ**:

– фронтална, индивидуална и групна наставна форма;

– монолошки, дијалошки и текст метод.

**4. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ**

– Часот се реализира во училница со класичен распоред на клупите.

– Од наставните средства се користат: табла, креда, учебникот Етика за VI одделение и сруги текстови од списанието прилози за етика.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ - ФАЗИ

ВОВЕДЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (10-15 минути)

| | |
|---|---|
| – Запознавање со учениците | (5-8 минути)<br>Наставникот им се претставува на учениците.<br>Учениците му се претставуваат на наставникот. |
| – Договор за работа и за соработка | (5-7 минути)<br>Разговор. Наставникот ги запознава учениците со методологијата на работата и ги слуша нивните мислења, очекувања и предлози. |

ГЛАВЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (25-35 минути)

| | |
|---|---|
| – Определување на предметот на етиката.<br>– Дефинирање на поимот етика.<br>– Аристотел - таткото на етиката.<br>– Експликација на етичките поими: етички избор, етичко образование, етички начин на мислење | (5-8 минути)<br>Разговор за ситуации од секојдневнот живот и проценување на определени постапки, реакции или дејства како добри или лоши (се користи индивидуално фронтална форма).<br>(5 минути)<br>Упатување на учениците на работа во двојки. Секоја двојка треба да утврди по една добра човечка особина - добродетел.<br>(5 минути)<br>Дискусија за доброто; дискусија за науката која го истражува доброто.<br>(5 минути)<br>Наставникот на учениците им раскажува за филозофот Аристотел.<br>(5-10 минути)<br>Дискусија и монолог. |

ЗАВРШЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5-10 минути)

| | |
|---|---|
| - Повторување на наставните содржини и дискусија со учениците | (3 минути)<br>Низ поставувања на кратки и конкретни прашања, наставниот материјал се синтетизира |

**Домашна задача (2 - 7 минути)**

На учениците им се дава задача да поразговараат со домашните за моралот. Да запишат (по една реченица) што за моралот мислат некои членови на семејството. Пожелно е консултираните членови на семејството да се од различни генерации.

**6. ЗАБЕЛЕШКА НА НАСТАВНИКОТ**

*Пример бр. 2*

**ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ЕТИКА**

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

1.1. ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ЕТИКАТА И МОРАЛОТ

1.2. НАСТАВНА ЕДИНИЦА: ЗНАЧЕЊЕТО НА МОРАЛОТ

1.3. ТИП НА ЧАСОТ: Етичка работилница

**2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ЧАС**

– Претставување на едукативните можности и етичкото образование со играње улоги со морално значење. Тоа значи создавање заинтересираност на учениците за наставата по етика и градење позитивен однос меѓу учениците и наставниот процес (посебно меѓу учениците). Моралот се открива како секојдневна грижа на секоја личност, со што се зголемуваат ефектите на етичкото образование.

– Избирање на етиката и прифаќање на позитивните и отфрлање на негативните цели и вредности.

**3. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ:**

– фронтална, индивидуална и групна наставна форма

– монолошки, дијалошки и текст метод

**4. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ**

– часот се реализира во училница со распоред на клупите два по два, за да се создадат групи од по 4 ученици. Од наставните средства се користат: табла, креда, пакпапир и фломастери, учебникот Етика за VI одделение и друга литература.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ - ФАЗИ

ВОВЕДЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (10-15 минути)

| | |
|---|---|
| Запознавање на учениците на целите на етичката работилница | (5 минути)<br>Наставникот и со учениците ги поставува основните идеи околу проблематиката на моралот и определбите на доброто и злото. |
| Договор за работа и за соработка | (5 минути)<br>Разговор. Наставникот ги запознава учениците со методологијата на работата и ги слуша нивните мислења, очекувања и предлози |

ГЛАВЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (25-35 минути)

| | |
|---|---|
| Определување на разните етички вредности (негативни и позитивни) кои ќе ги обработуваат учениците како (на пример) почитување, добротворство, омраза, насилство... (но може да биде земен предвид секој етички поим).<br><br>Дефинирање на задачата за идентификување и опишување на содржините на одредени етички (позитивни и негативни) вредности.<br><br>Развој на сознанијата за етичките поими: морал, позитивно и негативно дело, етички начин на оценување на постапките. | (5 минути)<br>Разговор за моралните постапки во секојдневниот живот и укажување дека секоја постапка има своја содржина и значење – со прилози од учениците изградба на содржината и значењето на една етичка постапка (како пример за нивната натамошна самостојна работа).<br><br>(10 минути)<br>Учениците работат во групи по 4. Секоја треба да ги утврди својствата на по една добра или зла шовечка постапка и да ги опише нејзините својства на пакпапир и да ја истакне основната морална последица од таквата постапка.<br><br>(10 - 15 минути)<br>Секоја група ги изложува своите етички постери со карактеристиките (содржините) на некоја добра или лиша етичка постапка и ја подвлекува основната позитивна или негативна последица од таквото морално поведение.<br><br>(5 минути)<br>Наставникот ја резимира работата со изведување заклучок за заначењето на моралот, за изборот на моралните вредности и за последиците од моралните постапки за луѓето и за личноста. |

ЗАВРШЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5-10 минути)

| | |
|---|---|
| Повторување на наставните содржини и дискусија со учениците | Низ поставување на кратки и конкретни прашања, наставниот материјал се синтетизира.<br>Наставникот изведува евалвација на ученичката работа. |

**Домашна задача (2 минути)**

На учениците им се дава задача да поразговараат со домашните за моралот. Да запишат што за некоја морална или неморална постапка мислата некои чеенови на семејството.

## 6. ЗАБЕЛЕШКА НА НАСТАВНИКОТ

*Пример бр. 3*

## ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ЕТИКА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

1.1. ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ЕТИКАТА И МОРАЛОТ

1.2. НАСТАВНА ЕДИНИЦА: СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - НАШ ЕТИЧКИ УЧИТЕЛ

1.3. ТИП НА ЧАСОТ: Етичка работилница

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ЧАС:

– развивање почит кон македонските просветители и етичари;

– градење позитивен однос кон просветата и културата, втемелен врз истакнувањето на добрината;

– продлабочување на знаењето за етичкото учење и морални поуки на св. Климент Охридски.

## 3. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ:

– фронтална и индивидуална и групна наставна форма;

– монолошки, дијалошки и текст метод, метод на демонстрација.

## 4. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ

– Часот се реализира во училница со распоред на клупите во вид на четири маси, предвидено за работа на четири групи.

– Од наставните средства се користат: табла, креда; учебникот Етика за VI одделение, хамери и фломастери за подготовка на паноа за експликација за лепење на паноа и друга литература.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ - ФАЗИ

ВОВЕДЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (10-15 минути)

| | |
|---|---|
| Давање упатства за работа: првата група истражува за животот на св. Климент; втората група истражува за етичкото учење на св. Климент; третата група истражува за етичките пораки на св. Климент; четвртата група истражува за значењето на учењето на св. Климент | На претходниот час, кога се учеше за етичката доктрина на св. Климент, учениците веќе се поделени на 4 групи и членовите на секоја група добиле различна задача за самостојно истражување дома.<br><br>Наставникот, почитувајќи ја поделбата од минатиот час, ги распоредува учениците да седат на 4 различни маси. |

ГЛАВЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (30-40 минути)

| | |
|---|---|
| Истражување на животот и делото на св. Климент и утврдување на значењето на неговото етичко учење<br><br>Презентирање на резултатите од истражувањето | (5-8 минути) Учениците се поделени во политематски групи - секоја група има посебна истражувачка задача. Членовите на секоја група самостојно работеле дома и собрале податоци за истражување на проблемот за чие решавање се задолжени. Секој член на групата става на масата материјал што го подготвил дома (слики, пишан текст, поговорки...).<br><br>Групна работа: дискусија и договор за експликација на проблемот. (3-5 минути)<br><br>Изработка на постер. (5-10 минути)<br>Постерите со селотејп се прицврстуваат за табла, ѕид или пано. Избраниот раководител на групата ги презентира резултатите од истражувањето. Се дискутира. (Секоја презентација трае 4-5 минути.) |

ЗАВРШЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5 минути)

| | |
|---|---|
| – Синтеза на истражувачките резултати<br>– Евалвација на ученичките постигања | (1 минута)<br>монолог на наставникот<br><br>(2-3 минути)<br>монолог на наставникот, оценка на индивидуалната и групната работа на учениците |

**Домашна задача (2-3 минути)**

Да се размисли за пораката на св. Климент: ТРГАЈ СЕ ОД ЗЛОТО И ПРАВИ ДОБРО и да се напише еден пример на современа примена на оваа порака.

## 6. ЗАБЕЛЕШКА НА НАСТАВНИКОТ

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

***Пример бр. 4***

## ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ЕТИКА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

1.1. ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: УНИВЕРЗАЛНИ ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ

1.2. НАСТАВНА ЕДИНИЦА: ЧЕСНОСТ

1.3. ТИП НА ЧАСОТ: час за презентација на нови наставни содржини

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ЧАС:

- анализа и усвојување на концепцијата и содржината на етичкита вредност чесност, како една од базичните етички вредности;
- развој на етичките сознанија кај учениците и на нивните лични определби за етичко дејствување.

## 3. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ:

- фронтална и индивидуална и групна наставна форма;
- монолошки, дијалошки и текст метод.

## 4. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ

- Часот се реализира во училиница со класичен распоред на клупите.
- Од наставните средства се користат: табла, креда, учебникот Етика за VI одделение.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ - ФАЗИ

ВОВЕДЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (10-15 минути)

| | |
|---|---|
| Куса рекапитулација на претходната лекција: Етика во целиот свет | (5 минути)<br>Наставникот ги потикнува учениците да ја потврдат идејата за етиката во целиот свет:<br>- со множество вредности, присутни секаде. |
| Упатување во новата наставна содршина - заначајна вредност чесност | (5-8 минути)<br>Наставникот бара учениците да набројат значајни морални вредности кои ги знаат за да дојдат до споменувањето на чесноста. |

ГЛАВЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (25-35 минути)

| | |
|---|---|
| Определување на поимот главната вредност.<br>Набројување на основните нвредности кои се најзначајни во современото живеење (иако некој од нив имаат потрајно етичко значење)<br><br>Дефинирање на содржините на вредноста чесност.<br><br>Експликација на значењето на вредноста чесност за човековите односи. | (5-8 минути)<br>Разговор за ситуациии од секојдневниот живот во кои се пројавува и е значајна вредноста чесност.<br><br>(5-10 минути)<br>Заедно со учениците, проценување на последиците и значењето на чесното однесување, како и на негативните последици од нечесното однесување.<br><br>(5 минути)<br>Со воведот од наставникот, согледба на едноставноста на поимот чесност како идеал, вредност, норма и постапка.<br><br>(5 минути)<br>Резиме на наставникот за значењето на вредноста чесност како една од основните морални вредности во целиот свет. |

ЗАВРШЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5-10 минути)

| | |
|---|---|
| Повторување на наставните содржини и дискусија со учениците. | (5 минути)<br>Со поставување кратки и конкретни прашања, наставниот материјал се синтетизира. |

**Домашна задача (2-3 минути)**

На учениците им се дава задача во 3-4 реченици да ја опишат својата согледба на поимот <u>чесен човек</u>, <u>чесен спортист</u>, <u>чесен трговец</u>.

## 6. ЗАБЕЛЕШКА НА НАСТАВНИКОТ

*Пример бр. 5*

## ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ЕТИКА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

1.1. ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: УНИВЕРЗАЛНИ ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ

1.2. НАСТАВНА ЕДИНИЦА: ВРЕДНОСТ И ПРАВЕДНОСТ

1.3. ТИП НА ЧАСОТ: Етичка работилница

**2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ЧАС:**

– развивање позитивен однос кон најголемите етички вредности вистината и праведност;

– развивање свест за неопходноста од чување и извршување на вистината и праведноста;

– укажување на вистината и на праведноста (и на другите најзаначајни и универзални етички вредности) како основа за добриот морал и за добрите односи и развиток на човековите заедници.

**3. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ:**

– фронтална и индивидуална и групна наставна форма;

– монолошки, дијалошки и текст метод, метода на демонстрација.

**4. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ:**

– Часот се реализира со распоред на клупите во формата на буквата П. Од наставните средства се користатат: табла, креда, учебникот Етика за VI одделение.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ - ФАЗИ

ВОВЕДЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (10-15 минути)

| | |
|---|---|
| Преглед на обврските и презентација на домашните работи.<br>Кус коментар на домашните работи. | На учениците, ОТКАКО претходно се презентирани наставните содржини за вистина и праведност, им е зададено да размислуваат за некој случај кој што го сметаат карактеристичен за следењето на вистината или за правењето лага, како и за следењето на праведноста и за правењето неправедност. Тој случај со своја оценка требаше да опишат во 5 реченици. |

ГЛАВЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (25-35 минути)

| | |
|---|---|
| Дискусија<br><br>- Утврдување на етичкото значење на универзалните етички вредности вистина и праведност | (5-10 минути)<br>Низ разговор рекапитулација на основните определби и значењето на вистината и вистинолубивоста. Коментар на неморалноста и на лишите последици од лажењето.<br><br>(5-10 минути)<br>Рекапитулација на основните определби и на значењето на чувството за спроведливоста и на вредноста на праведноста, како и на лишите последици од неправедноста.<br><br>(5-10 минути)<br>Утврдување на етичките потреби и моралната вредниост на вредностите вистина и праведност и поврзување со вредноста чесност. |

ЗАВРШЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5-10 минути)

| | |
|---|---|
| Евалвација на ученичките активности. | (2-3 минути)<br>Низ поставување на кратки и конкретни прашања, наставниот материјал се синтетизира.<br><br>(2-3минути)<br>Наставникот ги оценува ученичките активности. |

**Домашна задача (1-5 минути)**

На учениците им се дава задача да размислат за етичката вредност патриотизам, за која учеле во разни предмети (историја). Да разговараат со родителите за поимот и содржината на патриотизмот.

## 6. ЗАБЕЛЕШКА НА НАСТАВНИКОТ

*Пример бр. 6*

## ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ЕТИКА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

1.1. ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: УНИВЕРЗАЛНИ ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ

1.2. НАСТАВНА ЕДИНИЦА: УНИВЕРЗАЛНА ЕТИКА

1.3. ТИП НА ЧАСОТ: час за презентација на нови наставни содржини

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ЧАС:

– укажување на потребата да се создадат заеднички морални вредности што ќе ги поврзуваат луѓето од целиот свет и објаснување на процесот како се создава таа нова заедничка етика на сите луѓе;

– да се разбераат основните вредности на универзалната етика.

## 3. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ:

– фронтална и индивидуална и групна наставна форма;

– монолошки, дијалошки и текст метод, метод на демонстрација.

## 4. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ

– Часот се реализира во училница со распоред на клупите во форма на буквата П (за сите ученици да се гледаат во очи). Од наставните средства се користат: табла, креда, учебникот Етика за VI одделение,

## **5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ - ФАЗИ**

ВОВЕДЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (10-15 минути)

| | |
|---|---|
| Дискусија за општата поврзаност на луѓето - се наметнува идејата дека луѓето можат и треба да бидат многу цврсто поврзани и преку заеднички (универзални) вредности. | Учениците за домашна задача требало да размислат и да поразговараат за поврзаноста на луѓето од целиот свет (економска, културна, политичка). Потоа за оваа тема да напишат 5 реченици. |

ГЛАВЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (25-35 минути)

| | |
|---|---|
| – Универзална етика<br>– Основните вредности на универзалната етика:<br>– мир, разбирање , толеранција, солидарност, соработка<br>– Можноста на индивидуата да влијае врз развојот на универзалните вредности и за надминување на негативните појави во однесувањето на луѓето | (5 минути)<br>Монолог на наставникот. Објаснување на поимот универзална етика и на основните вредности на универзалната етика<br>(5-10 минути)<br>Дијалог за потребата од универзална етика<br>(5-10минути)<br>Се формираат двојки и секоја двојка дискутира за една од универзалните вредности, се обидува да ја дефинира таа вредност и да ја утврди потреба од нејзината општа примена<br>(5-10 минути)<br>Учениците дискутираат за универзалните вредности.<br>(5 минути)<br>Дискусија |

ЗАВРШЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5-10 минути)

| | |
|---|---|
| – Повторување на наставните содржини и дискусија со учениците<br><br>– Евалвација на ученичките активности | (2-3 минути)<br>Низ поставувања на кратки и конкретни прашања, наставниот материјал се синтетизира<br>(2-3 минути)<br>Наставникот ги оценува ученичките активности |

**Домашна задача (1-5 минути)**

На учениците им се дава задача да откријат една универзална вредност во книгата што ја читаат или во некоја телевизиска, театарска или филмска приказна. Во неколку редови да ја прикажаат откриената универзална вредност.

## 6. ЗАБЕЛЕШКА НА НАСТАВНИКОТ

________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________

***Пример бр. 7***

## ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ЕТИКА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

1.1. ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ

1.2. НАСТАВНА ЕДИНИЦА: ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ

1.3. ТИП НА ЧАСОТ: час за презентација на нови наставни содежини

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ЧАС:

– објаснување и разбирање на основните карактеристики и вредности на доброто однесување;

– поврзување на проблематиката на доброто однесување со другите општи етички цели и вредности, како што се воспоставување и развивање доверба, почит и солидарност меѓу луѓето, соучениците и другарите;

– истакнување на комплексот на основните општествените норми за доброто и пристојното однесување во семејството, на училиште, во јавноста и кон другите луѓе.

## 3. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ:

– фронтална и индивидуална и групна наставна форма;

– монолошки, дијалошки и текст метод, метод на демонстрација.

## 4. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ

– часот се реализира во училница со распоред на клупите во слово П, за учениците да се гледаат во очо и директно да комуницираат. Од наставните средства се користат: табла, креда, учебникот Етика за VI одделение.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ - ФАЗИ

ВОВЕДЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5-10 минути)

| | |
|---|---|
| – Воведување во третата наставна тема<br><br>– Дискусија за новите содржини врз основа на досегашните етички сознанија на учениците | Куса рекапитулација на досегашната работа по етика и поврзување на двете први наставни теми.<br><br>Укажување на учениците дека и третата тема се однесува на истата проблематика на разликувањето и избирањето на доброто и злото, само со примена на одредени животни и социјални области. |

ГЛАВЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (25-35 минути)

| | |
|---|---|
| - За проблематиката на доброто однесување.<br><br>- За основните области на доброто однесување – во семејството, на училиште, со другарите, во јавноста, кон другите луѓе | (5-10 минути)<br>Објаснување на суштината на доброто однесување.<br><br>(5-10 минути)<br>Карактеризација – со партиципација на учениците – на доброто однесување според вредностите пристојност, грижа за здравјето и елеганција<br><br>(5-10 минути)<br>Коментар на познатата етичка порака: Никогаш не повредувај никого, секогаш помагај<br><br>(5 минути)<br>Завршни разгледувања со потсетување на вредноста простување и обичајот за прочка |

ЗАВРШЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5-10 минути)

| | |
|---|---|
| – Повторување на наставните содржини и дискусија со учениците<br><br>– Евалвација на ученичките активности | (2-3 минути)<br>Со поставување на кратки и конкретни прашање, наставниот материјал се синтетизира.<br><br>(2-3 минути)<br>Наставникот ги оценува ученичките активности. |

**Домашна задача (1-3 минути)**

Учениците треба да опишат во 3-4 реченици зошто се слави празникот Прочка и како сие простуваат луѓето на тој празник.

## 6. ЗАБЕЛЕШКА НА НАСТАВНИКОТ

.

*Пример бр. 8*

## ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ЕТИКА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

1.1. ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ

1.2. НАСТАВНА ЕДИНИЦА: ОДНЕСУВАЊЕ МЕЃУ ДРУГАРИТЕ

1.3. ТИП НА ЧАСОТ: Етичка работилница

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ЧАС:

– воспоставување и развивање доверба, почит и солидарност меѓу другарите;

– укажување на основните општествени норми за доброто, пристојното и културното однесување во своето друштво.

## 3. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ:

– Фронтална и индивидуална и групна наставна форма;

– монолошки, дијалошки и текст метод, метод на демонстрација.

## 4. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ

– Часот се реализира во училница со распоред на клупите во форма на буквата П, за учениците да се гледаат во очи и директно да комуницираат. Од наставните средства се користат: табла, креда, учебникот Етика за VI одделение,

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ - ФАЗИ

ВОВЕДЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5-10 минути)

| | |
|---|---|
| – Усна презентација на домашните работи<br><br>– Дискусија | На учениците, на претходниот час на презентација на новите знаења за доброто однесување меѓу другарите, им е зададено да напишат 5 редА за една случка, кога тие требало да го претставаат својот другар, другарка на една возрасна и важна личност. Како го направиле тоа? Дали има правило за таква презентација? Дали имале сатисфакција што имаат добар другар/другарка? |

ГЛАВЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (25-35 минути)

| | |
|---|---|
| За прашањата на другарството се дискутира за неколку аспекти: | а) За другарите од училиштето:<br>– односот кон другарите за време на часот;<br>– односот кон другарите за време на одморот;<br>– односот кон училишните другари надвор од училиштето.<br><br>б) За другарите од малото; другарите (врсниците) од семејството; другарите од спортски клуб или од заедничкото следење на други курсеви (јазик, музика итн.).<br><br>в) Однесувањето кон постарите и кон помладите другари; барање и давање помош, посетување и примање посети дома; како да се здобие и сочува довербата, соопштување и чување тајна, што да се направи кога другарот прави нешто што не е добро или од што може да биде загрозена некоја личност.<br><br>г) Како да се сочува другарството? |

ЗАВРШЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5-10 минути)

| | |
|---|---|
| – Повторување на наставните содржини и дискусија со учениците<br><br>– Евалвација на ученичките активности | (2-3 минути)<br>Со поставување на кратки и конкретни прашања, наставниот материјал се синтетизира.<br><br>(2-3 минути)<br>Наставникот ги оценува ученичките<br><br>Активности. |

**Домашна задача (1-5 минути)**

Учениците треба да поразговараат со домашните за нивните искуства на другарување во детството.

## 6. ЗАБЕЛЕШКА НА НАСТАВНИКОТ

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

***Пример бр. 9***

**ПОДГОТОВКА ЗА НАСТАВЕН ЧАС ПО ЕТИКА**

1. ПОДАТОЦИ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА

1.1. ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ

1.2. НАСТАВНА ЕДИНИЦА: ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ КОН ДРУГИТЕ ЛУЃЕ (ПОСЕБНО КОН ЛИЧНОСТИТЕ СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ)

1.3. ТИП НА ЧАСОТ: час за презентација на новите знаења

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ЧАС:

– укажување на потребата луѓето да се однесуваат добро кон другите луѓе, посебно кон оние со посебни потреби;

– да се дојде до сознание дека во современото човештво многу се инсистира на доброто однесување и на унапредување на човечковата грижа за личностите со посебни потреби (инвалиди, хендикепирани).

## 3. НАСТАВНИ ФОРМИ И МЕТОДИ:

– фронтална и индивидуална и групна наставна форма;

– монолошки, дијалошки и текст метод, метод на демонстрација.

## 4. МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ:

– часот се реализира во училница со класичен распоред на клупите. Од наставните средства се користат: табла, креда, учебникот Етика за VI одделение.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЧАСОТ - ФАЗИ

ВОВЕДЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5-10 минути)

| | |
|---|---|
| Утврдување на редоследот на излагањето според содржината на истражувањето | Учениците добиле за домашна задача да истражуваат какво треба да биде однесувањето кон другите луѓе денес, посебно кон личностите со посебни потреби. Дали има многу луѓе со посебни потреби? Какво е нивното лично искуство во однесувањето кон нив? |

ГЛАВЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (25-35 минути)

| | |
|---|---|
| – Општ разговор за темата<br>– Рекапитулација какви видови луѓе со посебни потреби има: глуви, слепи, со тешкотии во движењето, со повреди во главата. | Учениците ги соопштуваат своите сознанија за односите кон другите луѓе. Наставникот ги бележи на таблата основните норми на доброто однесување кон другите луѓе.<br><br>Потоа се разгледува дали и колку се води грижа за хендипираните и дали доброто однесување кон нив е етички значајно. Се донесуваат заклучоци за заедничкото добро однесување кон хендикипираните. |

ЗАВРШЕН ДЕЛ НА ЧАСОТ (5-10 минути)

| | |
|---|---|
| – Синтеза на стекнатите знаења<br><br>– Евалвација на ученичките активности | (2-3 минути)<br>Монолог на наставникот.<br><br>(2-3 минути)<br>Наставникот ги оценува ученичките активности. |

**Домашна задача (1-5 минути)**

На учениците им даваат последни објасувања од Наставната програма по етика и се посочуваат да ги прегледаат изминатите наставни материјали и да се подготват за тематска рекапитулација на наставната тема: Доброто однесување, како и за глобалната рекапитулација на сите наставни содржини, посебно на основните етички поими добро и зло.

## 6. ЗАБЕЛЕШКА НА НАСТАВНИКОТ

## СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО НАСТАВАТА ПО ЕТИКА ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

Наставата по етика во VI одделение треба да овозможи да почне да се создава граѓанска етичка свест кај секој ученик, како и чувство на лична одговорност за однесувањето, учењето и другите видови активност на ученикот. Целите и задачите на етичката едукација се поврзани со решавањето на прашањата важни за моралното однесување на личноста и се насочени кон развивање на добрата волја, на позитивниот однос кон животот и кон луѓето, на одговорноста на ученикот и на неговото/нејзиното достоинство и самопочит.

Наставникот го планира, проектира и организира наставниот процес, но реализацијата на наставата по етика не е крута. Концепцијата на наставното збиднување е насочена кон претставувањето на етиката како поле на слободната волја на личноста и кон афирмирањето на слободната иницијатива и дискусија со учениците. Ученикот учи да размислува самостојно. Развивањето на самостојното и одговорното мислење е прва задача на етиката, па според тоа е и првата задача на етичката настава. Тоа е особен принцип на наставата по етика и на методиката на етичкото образование.

Клучниот момент во организацијата и реализацијата на наставата по етика е постојаното настојување учениците да учат да го откриват и да го препознаваат доброто, да се определуваат за доброто и да се ангажираат да се однесуваат добро - да избегнуваат лоши мисли, зли намери и лоши дела.

Во современата настава оценувањето не е само просто мерење на квантумот факти што при излагањето ќе ги изнесе ученикот, туку тоа е вреднување (евалвација) на развојот и напредувањето на учениците според целите на Наставната програма.

Современата евалвација ги надминува едностраностите на традиционалното проверување и оценување на учениците, кое би се сведувало на утврдување на степенот на усвоеност на формалните знаења според точноста на репродукција на материјалот што се презентира пред целиот клас, а по што би следело одвреме навреме давање нумеричка оценка.

Елементите кои се ценат при формирањето на оценката по етика се разновидни и многубројни, така што понудуваат големи можности и за ученикот и за наставникот. Не треба да се дава предност на монолошкото излагање на ученикот во форма „одговарање за оценка“. Во современата настава речиси е наполно напуштено користењето на само еден елемент врз кој ќе се формира оценката. Комбинирањето на повеќе елементи ја разбива монотонијата на наставната работа и овозможува формирање на оценка со која ќе бидат задоволни и наставникот и ученикот.

Во наставната практика по етика во VI одделение, во формирањето на оценката треба да се тргнува од следните елементи (кои формираат своевидно портфолио на ученикот):

– редовноста во наставата;

– ангажманот на ученикот да ја следи и совлада наставната материја;

– експонирањето на ученикот во рамките на дијалогот;

– монолошкото излагање на ученикот;

– редовната изработка на домашните задачи;

– експликациите и експозеата на зададените теми.